**ПРОЕКТ„ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО МАКЕДОНИЈА“**

# ОСНОВНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНКЕТАТА СПРОВЕДЕНА НА ТЕМА УЧЕСТВО НА ДЕЦАТА ВО УЧИЛИШТАТА И ПРОЦЕС НА СПРОВЕДУВАЊЕ ИЗБОРИ ВО УЧИЛИШТАТА

**Прилеп, декември 2010**

**Наслов на публикацијата:** Основни наоди и заклучоци од анкетата спроведена на тема учество на децата во училиштата и процес на спроведување избори во училиштата

**Автор:**
М-р Елизабета Марковска Спасеноска

**Издавач на публикацијата:** Коалиција на младински организации СЕГА, декември 2010; Извршен Директор: Зоран Илиески

**Проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија е поддржан од Детската фондација Песталоци**

## 1. Вовед

Во периодот Октомври – Декември 2010 година Коалиција СЕГА преку обучени анкетари спроведе анкета во 28 основни и средни училишта во 14 градови во Македонија (Охрид, Ресен, Струга, Битола, Прилеп, Кавадарци, Штип, Гевгелија, Виница, Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар) како и серија на интервјуа во секое од селектираните училишта со ученици, претседатели на класови, Директор на училиштето, Педагог и/или Психолог и класни раководители. И покрај напорите да се интервјуираат одреден број на членови на Националната комисија за детски права, само двајца членови се одѕваа на барањето да бидат интервјуирани.

Анкетата која ја истражуваше состојбата со учеството на децата во донесувањето одлуки во училиштата и процесите на избори на ученички претставници се состоеше од 27 комбинирани прашања од затворен, полуотворен и отворен тип. Во анкетата учествуваа вкупно 703 деца од кои од основно училиште 5 – 8 одделение 229 деца или 33%, а од средно училиште од 1 – 4 година 474 или 67%. Од вкупно 703 учесници во анкетата 55 % се женски, додека 45 % се машки. Според етничката припадност доминираат Македонци и Албанци, но постои соодветна застапеност во примерокот и на другите етнички заедници. При селекцијата на испитаниците покрај Македонци и Албанци се внимаваше да се вклучат и претставници од етнички заедници кои живеат во градовите во кои се спроведуваше анкетата. Детален приказ на карактеристиките на примерокот кој беше опфатен со анкетата е даден во Табела 1. Во групните интервјуа учествуваа вкупно 850 ученици од сите 14 градови и 91 претставник на наставничкиот кадар и администрацијата во основните и средните училишта.

**Табела 1 – Приказ на испитаниците според пол, возраст и етничка припадност**

| Град | Пол | | Возраст | | | | | | | | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срб. | Вла. | Др. |
| Ресен | 11 | 11 | 0 | 2 | 2 | 1 | 3 | 3 | 6 | 2 | 3 | 12 | 6 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 25 | 42 | 2 | 4 | 8 | 5 | 5 | 11 | 12 | 10 | 10 | 13 | 54 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 46 | 45 | 0 | 4 | 6 | 4 | 4 | 21 | 17 | 22 | 13 | 32 | 50 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 |
| Штип | 23 | 22 | 3 | 5 | 4 | 4 | 7 | 6 | 6 | 8 | 2 | 45 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Виница | 13 | 20 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 6 | 3 | 5 | 12 | 26 | 0 | 1 | 5 | 0 | 1 | 0 |
| Кавадарци | 20 | 20 | 0 | 3 | 4 | 2 | 3 | 10 | 3 | 10 | 5 | 37 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 20 | 30 | 0 | 4 | 1 | 5 | 3 | 8 | 9 | 13 | 7 | 49 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Скопје | 35 | 35 | 0 | 3 | 3 | 3 | 10 | 17 | 14 | 13 | 7 | 31 | 32 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| Прилеп | 18 | 17 | 1 | 1 | 4 | 1 | 4 | 7 | 5 | 8 | 4 | 27 | 0 | 4 | 3 | 0 | 0 | 1 |
| Охрид | 22 | 41 | 3 | 3 | 5 | 3 | 6 | 17 | 4 | 16 | 6 | 46 | 6 | 7 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| Битола | 13 | 13 | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 | 4 | 5 | 2 | 3 | 23 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Струга | 24 | 39 | 3 | 6 | 5 | 7 | 8 | 7 | 12 | 9 | 6 | 14 | 42 | 5 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Гостивар | 29 | 29 | 2 | 2 | 4 | 4 | 4 | 12 | 11 | 10 | 9 | 20 | 34 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 19 | 21 | 0 | 4 | 4 | 6 | 3 | 6 | 7 | 4 | 6 | 4 | 20 | 5 | 2 | 0 | 0 | 9 |
| **Вкупно:** | **318** | **385** | **15** | **45** | **53** | **50** | **66** | **135** | **114** | **132** | **93** | **379** | **246** | **31** | **20** | **2** | **6** | **16** |

## 2. Преглед на добиените наоди

Половина од испитаниците изјавуваат дека се запознати со правата на детето воопшто, но скоро исто толкав дел изјавуваат дека малку се запознати со правата на детето. По градови, во 5 од вкупно 14 општини (Кавадарци, Гевгелија, Скопје, Прилеп и Дебар) поголем е бројот на деца кои се малку запознати во однос на оние кои изјавуваат дека се запознати. Според возраст кај децата од основните училишта преовладуваат оние кои се запознати со правата на детето, додека децата од средните училишта во поголем број изјавуваат дека малку се запознати со правата на детето воопшто.

Слично како и во случајот со општите познавања за правата на детето, и по однос на познавањето на **правото на учество**, скоро подеднаков дел од децата изјавуваат дека знаат за ова право (45%), односно дека малку знаат за ова право (40%). По градови во 6 од вкупно 14 општини (Штип, Гевгелија, Скопје, Охрид, Гостивар и Дебар) **поголем е бројот на деца кои се малку запознати** во однос на оние кои изјавуваат дека се запознати. Според возраст кај децата од основните училишта преовладуваат оние кои се запознати со правата на детето, додека децата од средните училишта во поголем број изјавуваат дека малку се запознати со правата на детето воопшто, но разликата со оние кои изјавиле дека се запознати не е значајна. Значаен дел испитаници (79%) **не посетувале досега младински работилници на кои учеле за правото на учество,** што укажува дека оние кои изјавуваат дека се запознати со ова право знаењата најверојатно ги стекнуваат преку наставниот процес или од околината.

Испитаниците **не го препознаваат правото на учество** во донесувањето одлуки како составен дел од наставните содржини бидејќи имаат прилично поделени размислувања за тоа дали учеле за ова право во рамки на наставните предмети. Најголемиот дел (околу 65%) изјавуваат дека не учеле односно дека не знаат дали учеле. Децата од основните училишта во најголем дел изјавуваат дека учеле за ова право во рамки на наставните предмети, додека кај средношколците преовладува бројот на деца кои изјавуваат дека не учеле за ова право односно не знаат дали учеле. Од оние кои изјавуваат дека учеле за

ова право најголем дел го потенцираат предметот Граѓанско образование, а се потенцираат и предмети како на пример Основи на демократија, Социологија, Право. Исто така децата наведуваат и општи предмети во кои најверојатно не постојат наставни содржини поврзани со ова право, па така испитаниците ги наведуваат Македонски, Англиски, Информатика. Децата од основните училишта го потенцираат предметот Природа и општество.

Испитаниците се скоро едногласни дека **сакаат да научат како да го остварат своето право на учество** во донесувањето одлуки во училиштето. Еден мал дел (16%) изјавуваат дека знаат како да го остварат ова право.

Децата имаат **нејасна перцепција како се донесуваат одлуките во училиштето** и најчесто се определуваат скоро подеднакво за три опции односно дека наставниците и родителите одлучуваат, дека децата одлучуваат преку класната и училишната заедница и дека наставниците и родителите ги прашуваат децата за мислење, но дека децата не одлучуваат. При тоа најголем дел од децата од **основните училишта** потенцираат дека **родителите и наставниците заедно одлучуваат**, додека кај децата од **средните училишта** доминира опцијата дека тие се **прашани за мислење но не одлучуваат**. Овие наоди ги потврдија и интервјуата како со учениците, така и со персоналот на училиштата. По однос на учеството на децата во донесувањето одлуки скоро секаде и децата и персоналот изјавуваат дека **нема посебни развиени правила за учество на децата во донесувањето одлуки** и укажуваат на некои елементи кои предвидуваат учество на децата, а кои може да се појаснети во статутите на училиштата.

Скоро подеднаков дел од децата изјавуваат дека досега учествувале во донесувањето на некоја одлука во училиштето или во класот, односно дека не учествувале. Меѓутоа, кога се запрашани во каков вид на одлуки учествувале нема деца кои не избрале ниту една одлука, што укажува дека децата не препознаваат кога се, а кога не се вклучени во одлучување. При тоа најголем дел деца изјавуваат дека **учествуваат при донесување одлуки за избор на претседател на клас, одредување дестинација за екскурзија**, додека значително помалку децата се вклучуваат при донесување на одлуки поврзани

со квалитетот на наставниците, содржината на наставата, потребата од дополнителна едукација по некој предмет, условите во кои учат. При тоа од интервјуата може да се заклучи дека во сите училишта децата претежно се вклучуваат кога се донесуваат одлуки на ниво на клас, додека на ниво на училиште вклученоста на децата е ретка, понекогаш се консултираат претседателите на класови.

Децата и од основните и од средните училишта сметаат дека нивните претставници треба да имаат право да учествуваат во работата на наставничкиот совет, но изјавуваат дека во **пракса најчесто нивните претставници не се вклучени во работата на наставничкиот совет**. Ова е потврдено и преку интервјуата како со децата така и со персоналот од училиштата, при што во сите училишта не постои редовна пракса за вклученост на претставници на учениците во работата на наставничкиот совет.

Децата не знаат или сметаат дека во нивното училиште не постојат младински организации и клубови преку кои децата учествуваат во донесувањето одлуки. Од оние кои потенцирале дека вакви тела постојат наведуваат детски организации, младински совети и клубови и разни спортски клубови.

Скоро сите испитаници (91%) изјавуваат дека во нивниот клас **секоја година се избира претседател.** Во најголем дел случаи **учениците, односно учениците заедно со класниот раководител предлагаат кандидати за претседател** на класот. Но според спроведените интервјуа во голем дел училишта изборот се врши на предлог на класниот раководител, додека децата одлучуваат дали ќе го поддржат предлогот. При тоа изборот претежно се врши **со гласање** или пак претходна дискусија после која сите се сложуваат кој да биде избран. Иако доминира опцијата при изборот на претседател да се избира **оној ученик кој најдобро знае да ги претстави интересите на класот**, сепак и според интервјуата, а и според анкетата во пракса се доста често **изборот паѓа на најодличниот ученик**. Ваквата практика посебно ја поддржуваат класните раководители кои на некој начин го раководат изборот на претседател. Со оглед на тоа што **не постојат посебни правила и критериуми за избор на претседател во училиштата**, класните раководители се тие кои врз основа на

искуството и традицијата го раководат изборот и го запознаваат и водат претседателот на класот низ неговата улога. Претседателот на класот според перцепцијата на децата има улога да го претставува класот пред наставниците и директорот и да ги проследува барањата на класот за одложување на испрашувања и тестови. Според интервјуата децата, но и персоналот од училиштата сметаат дека ваквата улога е минимална и дека преку практични обуки и поддршка треба да се развие улогата претседател на класот и да се најде каде се може претседателот да ја остварува својата функција во училиштето. Покрај претседател на клас испитаниците изјавуваат дека **избираат и други претставници** и ова важи и за основните и за средните училишта. Како други претставници најчесто се избираат заменици, секретари, членови, благајници и сл.

Испитаниците изјавуваат дека за битните прашања **во класот се договараат на неформален начин**, најчесто за време на одморот, а многу ретко на одделенски час. Во таквите ситуации најголем дел од испитаниците (околу 86%) изјавуваат дека нивното мислење секогаш или во најголем дел од ситуациите се прифаќа. Испитаниците сметаат дека **нивниот клас е делумно активен** во училиштето по прашањата кои се битни за нив, а и на интервјуата најголем дел од децата кои учествуваа изјавуваат дека генерално се задоволни од работата на нивната класна заедница иако сметаат дека можат да бидат и поактивни.

Испитаниците од **основните училишта** во најголем дел **не знаат дали во нивниот град постои заедница на ученици** - претставници од сите основни училишта, додека испитаниците од **средните училишта** покрај тоа што во најголем дел изјавуваат дека **не знаат дали такво претставничко тело постои** или не постои, сепак во еден дел се информирани и сметаат дека постои ваква заедница. Тие исто така **не знаат дали нивната училишна заедница членува во Средношколската унија на Македонија**, а притоа изјавуваат дека Средношколската унија делумно или само малку ги претставува и застапува интересите на средношколците.

65% од испитаниците **сакаат да спроведат процес на вистински избори** за претставници на учениците. Еден дел од децата сметаат дека процесите на

избори се транспарентни и дека тоа е доволно. Вака изјавуваат најголем дел од децата вклучени во интервјуата, но и персоналот од училиштата. Исто така 90% од испитаниците сакаат да научат повеќе за процесите на избори како и за улогата на нивните претставници во процесите на донесување одлуки.

**3. Заклучоци и препораки**

1. Според наодите **учениците имаат делумни познавања за правото на учество** на децата во донесувањето одлуки во училиштето и **речиси воопшто немаат сознанија како се остварува ова право**. И тие сознанија кои ги имаат ги стекнале воглавно неформално од околината бидејќи најголем дел од испитаниците не посетувале специјализирани работилници во врска со правото на учество. Во овој контекст **децата се заинтересирани да научат како да го остварат ова свое право**, а и персоналот на училиштата претежно ја потенцира потребата од дополнителна обука по однос на примена на правото на учество на децата во донесувањето одлуки.

2. Во пракса децата сметаат дека тие **многу малку се вклучени во одлучувањето** во училиштето освен во одлуки во кои нивното учество се подразбира како на пример избор на претседател на класот или пак избор на дестинација за екскурзија. Овие наоди ги потврдуваат и претставниците на персоналот на училиштата. Исто така **децата немаат јасна перцепција како треба да биде спроведуван процесот на донесување одлуки во училиштето** и **не се запознати со евентуални постоечки правила во училиштето** кои би уредувале нивното учество во донесувањето одлуки. Од интервјуата со персоналот на училиштата може да се заклучи дека **посебни правила речиси и да не постојат, туку некои елементи на учество на децата се обработуваат во статутот и програмите на училиштата.** Својата улога во донесувањето одлуки децата ја препознаваат на ниво на клас, додека на ниво на училиште сметаат дека иако понекогаш се прашани за мислење, тие не одлучуваат. Во тој контекст сметаат дека и како класови само делумно се активни во училиштето и не знаат како да ја остварат својата улога во донесувањето одлуки.

3. **Изборите на ученички претставници се случуваат редовно** и воглавно по пат на гласање за предложените кандидати, при што предлозите најчесто се даваат заеднички од класниот раководител и од учениците. Интересно е што класните раководители потенцираат дека **одличните ученици најчесто се предлагаат за претседатели на класови**, додека еден дел од децата сметаат дека **недостигаат критериуми за тоа кој може да биде номиниран** за претседател и дека не секогаш одличните ученици имаат и вештини да бидат претставници на класот во училиштето. **Улогата на избраните претставници е многу формална** и се сведува на претставување на класот доколку за тоа има потреба и одлагање на испрашувања и тестови. За спроведување на изборите на ученички претставници и дефинирање на нивната улога главната одговорност ја имаат класните раководители. Но и децата и поголем дел од персоналот на училиштата наведуваат дека **сакаат да научат повеќе за процесите на избори на ученички претставници и нивната улога** во донесувањето одлуки во училиштето.

4. Испитаниците **не знаат дали има претставнички тела на учениците на ниво на град ниту пак се информирани за улогата на средношколската унија.** Соодветно на ова децата многу малку знаат за потребата да се учествува во вакви тела односно да се воспостават вакви тела кои ќе значат организиран настап на децата во борбата за остварување на нивните права.

Во контекст на горните заклучоци се развиени следниве препораки:

1. Неопходно е **да се спроведе едукација** со цел потенцијалната целна група ученици од основни и од средни училишта **да се запознаат со суштината на правото на учество на децата во донесувањето одлуки.** Оваа едукација исто така треба да се опфати еден поголем дел **информации за постоечките механизми за учество на децата.** Од друга страна имајќи во предвид што интересот на децата е пред се насочен кон стекнување практични сознанија како да го остварат своето право на учество, **едукацијата треба да биде поддржана со теренски активности и менторска поддршка** за воспоставување функционални механизми за учество на децата во донесувањето одлуки во училиштата. Едукацијата, како и практичната работа

во училиштата треба да биде следена и спроведувана како од учениците така и од наставничкиот кадар и педагошко- психолошката служба. Во тој контекст се предлагаат **информативни работилници,** комбинирано, со ученици и наставници, како и со стручната служба на кои ќе се потенцираат можностите за учество на децата во донесувањето одлуки во училиштата, а кои произлегуваат од Законот за основно и Законот за средно образование, Националната програма за развој на образованието како и од Конвенцијата за заштита за правата на детето.

2. Едукацијата треба да вклучи **практични информации и соодветен пишан материјал** кој ќе им помогне на учениците и наставничкиот кадар полесно да дефинираат критериуми за избор на претставници на учениците, правила за нивно учество во работата на наставничкиот совет, описи на улогите на претседателите на класови и другите избрани претставници во класната заедница.

3. За секое вклучено училиште пожелно е **да се изработи преглед/податоци за конкретната состојба** во врска со практиките и правилата кои се применуваат во училиштето во однос на учеството на децата во донесувањето одлуки и процесите на избори на ученички претставници. Во соработка со стручната служба, Директорот на училиштето и назначени наставници се препорачува да се **ревидираат постоечките документи на училиштето**( на пример Статут, Програма за работа и правилници) со цел да се утврдат елементите во нив кои го потенцираат правото на учество ( доколку ги има). Овие документи и посебните членови во нив кои се однесуваат на правото на учество би им биле презентирани на децата на информативните работилници.

4. **Моделот за избор** на ученички претставници кој моментално се спроведува во училиштата со оглед на тоа што е прифатлив за поголем дел од учениците и наставничкиот кадар, **потребно е да се надогради и развие** делумно со претходно подготвените правила и критериуми за избор, но и со нови елементи кои би го направиле процесот поинтересен и воедно попрактичен. Се препорачува, на посебно организирани работилници, во соработка со децата (училишната заедница), стручната служба на училиштето и назначени класни

раководители да **се претставаат моделите на избори** кои најчесто се применуваат во училиштето. Преку експертска поддршка од Коалиција СЕГА, а имајќи ги во превид предлозите на децата и наставниците за подобрување на процесите на избори ( кои беа дадени преку интервјуата)**би се дополниле моделите за избори** со цел да се направат поинтересни, потранспарентни и да обезбедуваат вклученост и активност на што е можно поголем број од децата. Вака дефинираните предлог модели потоа **би се презентирале пред сите класови** и преку процеси на гласање би се избрал најдобриот модел за избори на претседатели/ки на класови. Тој модел би бил предложен на **усвојување до наставничкиот совет** и со тоа би станал официјален модел за избори кој ќе го применуваат сите

5. Јакнење на капацитетите за организациско работење на младинските организации во училиштата, начин на функционирање како и подобрување на начинот на нивно воспоставување и членство (обуки за младинско учество и младински активизам; лобирање и застапување; раководење со проектен циклус – на училишно ниво и сл.). Се препорачуваат активности преку кои **би се рестартирале односно би се зајакнале** училишните заедници. Доколку во училиштето воопшто не постои училишна заедница тогаш преку овој процес истата би се формирала и би се направила функционална. Имено процесот ќе опфати **работилници, обуки и менторска поддршка** за членството на младинските организации во училиштата (но и на останатите заинтересирани ученици). На почетокот би се направила една **слика за состојбата на секоја училишна заедница** и потоа преку процес на визионирање би се поставила целта **каква училишна заедница треба да има во тоа училиште**. После оваа мотивирачка работилница, би се пристапило кон подобрување на функционирањето преку развивање правила за работа, дефинирање програма за работа, и директно учество на училишната заедница во некои школски активности.

Преку обуките, паралелно со подобрувањето на функционирањето на училишната заедница, ќе се пристапи кон **јакнење на вештините** на учениците за младински активизам, младинско застапување, раководење со проекти, раководење со младинска организација. Менторската поддршка би се состоела

во **помош при воспоставување на некои правила на функционирање и при примена на вештините изучени преку обуките** ( на пример, а се развие конкретен проект, да се обмисли и спроведе некоја младинска активност во училиштето и сл.)

6. Моделирање на работата на младинските организации во училиштата во соработка со наставничкиот кадар и учениците,а со цел активирање на овие организации и примена на правото на учество. Во тој контекст се препорачуваат работилници и менторска поддршка со цел **да се направат оперативни некои од моделите на учество на децата** во донесувањето одлуки. Во тој контекст заедно со децата, стручната служба и наставниците би се пристапило кон примена на дефинираните процедури за учество на децата во донесувањето одлуки, развивање на системот на собирање поддршка и информации од сите ученици пред донесување на одлуки, развивање на системот на редовно двонасочно информирање за донесените одлуки (наставнички совет – училишна заедница – класови и обратно), планирање активности за масовно вклучување на децата во одлучувањето ( училишни референдуми, училишни парламенти и сл.).